# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 18.2.2020 год.<br>Скопје<br>Број 5 год. XV | Претплатата за 2020 год. износува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


февруари, 2020 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Заклучок, со Решение за објавување ........................................ 1 - 2
- Јавна објава ......................................................................... 3

---

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ“ БР. 1-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06, 12/15 и 9/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок**

Се објавува Решението за објавување на Заклучокот,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 7. вонредна седница, одржана на 18.2.2020 година.

Бр. 09-1120/3
18.2.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје во врска со изработка на урбанистичко решение за Блок 06 кој е дел од ДУП Градска четврт 311, локалитет Буњаковец 1 и Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје (локација на фабрика „Треска“) на 7. вонредна седница на Советот на Општина Центар-Скопје, одржана на 18.2.2020 година го донесе следниов:

**ЗАКЛУЧОК**

1. Надлежност на Советот на Општина Центар - Скопје, според Законот за локална самоуправа е да донесува урбанистичко плански документации во форма на пропис.

2. Градоначалникот иницира изготвување урбанистичко решение по пат на објава на конкурс.

3. По расправата за изработка на урбанистичко решение и спроведување на конкурс со соодветна програмска задача за Блок 06 кој е дел од ДУП Градска четврт 311, локалитет Буњаковец 1 и Буњаковец 2, Општина Центар (локација на фабрика „Треска“), се одлучи следново:

   3.1. Се задолжува Градоначалникот да формира Комисија за составување на влезните податоци согласно позитивните законски прописи, како и препораките од Комисијата за усогласување на постоечките детални урбанистички планови спрема планската документација дефинирана со член 35 став 6 од Генералниот урбанистички план на Град Скопје, како основа за Програмската задача за урбанистичко решение.

   3.2. Конкурс за урбанистичко решение ќе распише Градоначалникот со обврска да обезбеди финансиски средства за реализација на конкурсното решение за Блок 06 кој е дел од ДУП Градска четврт 3 11, локалитет Буњаковец 1 и Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје (локација на фабрика „Треска“).

   3.3. Конкурсната Комисијата за оценување на конкурсни решенија ќе биде составена од претставници од Општина Центар - Скопје, Град Скопје, Архитектонски факултет и стручни асоцијации (Асоцијација на архитекти, Академија на архитекти, Комора на архитекти и Градежна комора), како и претставник од сопствениците.

   3.4. Опфатот кој ќе се разработува со конкурс е дел од ДУП Градска четврт 3 11, локалитет Буњаковец 1 и Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје и постапката за донесување на ДУП 3 11 продолжува.

4. Заклучокот стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1120/2<br>
18.2.2020 година<br>
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје<br>
Претседавач<br>
Цветанка Симоновска с.р.

**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Скопје

Архивски бр.: 09 - 1028/1
Датум: 13.02.2020

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16; 64/18 и 168/18) Градоначалникот на Општина Центар - Скопје распишува

## ЈАВЕН ПОВИК
### за доставување иницијативи за изработка на урбанистички планови

Јавниот повик се распишува во согласност со член 21 став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16; 64/2018 и 168/18).

**Јавниот повик ќе трае од 17.2.2020 до 20.3.2020 година или 33 дена, сметано од објавувањето во дневниот весник „Слободен печат".**

Во текот на јавниот повик, сите заинтересирани физички и правни лица можат да достават иницијативи за изработување и донесување на урбанистички планови од членот 7 став (1), точка 2, алинеја 2 и 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма преку архивата на општината.

Предмет на иницијатива може да биде донесување нов урбанистички план или изменување и дополнување на важечки урбанистички план, со образложение за бараните изменувања и предлог за планскиот опфат.

За доставените иницијативи подносителите ќе бидат известени во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма, во рок од 15 работни дена по истекот на рокот за доставување на иницијативи.

Средствата за прифатените иницијативи за изработување и донесување на урбанистичките планови треба да ги обезбедат правните или физичките лица подносители на иницијативите.

Јавниот повик ќе биде објавен на интернет страната на Општина Центар - Скопје, www.centar.gov.mk, на огласна табла во општината, во информацискиот систем е-урбанизам, во „Службен гласник на Општина Центар - Скопје" и во дневниот весник „Слободен печат".

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Центар - Скопје**
**Саша Богдановиќ**

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ

ул. Михаил Цоков бр.1, 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203 602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk

Стр. 1 од 1